Врз основа на член 50-а став 6 и член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12 и 55/13) градоначалникот на општината Крива Паланка го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна анкета и јавна презентација на Нацрт-локална урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ „Калин Камен 2“ на к.п.бр.309 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

Јавната анкета по горенаведениот план ќе се одржи од 12.06.2013 година до 20.06.2013 година секој работен ден од 08,оо-16,оо часот во просториите на архивата на општината Крива Паланка.

Нацрт-локалната урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ „Калин Камен 2“ на к.п.бр.309 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка ќе биде изложен и во просториите на Центарот за култура во Крива Паланка.

Јавната презентација на Нацрт-локалната урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ „Калин Камен 2“ на к.п.бр.309 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка ќе се одржи на ден 17.06.2013 година со почеток во 12,оо часот во големата сала на општината Крива Паланка.

Просторот за кој се однесува горенаведениот план ги опфаќа следните граници:

- Од североисток еден дел граничи со к.п.бр.307-локален пат, а останатиот дел со к.п.бр.309;
- Од северозапад граничи со к.п.бр.309;
- Од југоисток граничи со к.п.бр.309;
- Од југозапад граничи со к.п.бр.309.

Површината на опфатот е 982,оо м2.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во архивата на општината Крива Паланка и во горенаведениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат писмени забелешки преку анкетните листови.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Дипл.правник Арсенчо Алексовски**